**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# ***ХОТЕЛСКО РАБОТЕЊЕ***

**II година**

## ***УГОСТИТЕЛСКО-ТУРИСТИЧКА СТРУКА***

### ***Хотелско-туристички техничар***

**Скопје, 2006 година**

**1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ**

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ХОТЕЛСКО РАБОТЕЊЕ
**1.2. Образовен профил односно група струки на кои им припаѓа наставниот предмет**
**1.2.1. Образовен профил**: Хотелско-туристички техничар
**1.2.2. Група струки**: Угостителско-туристичка

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**
**1.3.1**. Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**
**1.4.1.** Втора година

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**
**1.5.1. Број на часови неделно:** 2 часа
**1.5.2. Број на часови годишно:** 72 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**
1.6.1. Задолжителен предмет

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот ***хотелско работење*** ученикот стекнува знаења и се оспособува:

- да го дефинира хотелиерството и неговата поврзаноста со угостителството;
- да ја објаснува хотелското работење како услужна угостителска дејност;
- да ги разликува угостителските објекти за сместување, нивните карактеристики и нивната категоризација;
- да го опишува хотелот како угостителски објект за сместување, исхрана и разонода на гостите;
- да ги објаснува задачите и функциите на персоналот во хотелот;
- да ја познава заштитата при работата;
- да развие позитивни ставови и љубов кон хотелското работење;
- да развие работни навики и позитивни ставови кон хотелското работење.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За совладување на содржините од предметот ***хотелско работење*** потребно е учениците да поседуваат претходни знаења од областа на основи на угостителството и туризмот, туристичка географија, хигиена и култура на однесување.

**4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС**

**4.1. Структурирање на содржините за учење**

| Тематски целини | Бр. на часо-ви | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ХОТЕЛИЕРСТВОТО ОСНОВНА ДЕЈНОСТ НА УГОСТИТЕЛСТВОТО** | **10** | *Ученикот:*<br>- да го дефинира хотелиерството;<br>- да ја разбира поврзаноста на хотелиерството со угостителството;<br>- да го опишува развојот на на хотелиерството кај нас и во светот и неговата перспектива како угостителска дејност;<br>- да ја познава потребата од изградба на сместувачките капацитети во светот и во Република Македонија;<br>- да го сфати значењето на проширувањето на изградбата на овие капацитети;<br>- да ги истакнува перспективите на изградба на сместувачките капацитети во Република Македонија и во светот. | - Објаснување на поимот хотелско работење;<br>- истакнување на неговото значење за развојот на угостителството;<br>- демонстрирање на слики и проспекти на позначајни угостителски објекти;<br>- објаснување за изградбата на сместувачките капацитети во светот и во Република Македонија;<br>- демонстрирање на примери на разни угостителски објекти;<br>- организирање посети на сместувачки капацитети. | - Економија на туризмот<br>- Агенциско работење<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2. ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ** | **28** | - Да ги разликува угостителските објекти за сместување: хотел, туристичка населба, мотел, пансион, камп, одморалиште, ноќевалиште, свратилиште;<br>- да ги познава современите видови на хотели: спа, велнес и бутик;<br>- да ги објаснува потребните услови за основање и категоризација на објектите за сместување;<br>- да споредува видови сместувачки објекти според нивната функција, локација и категоризација (планински, езерски, ловечки, спортски и др.). | - Објаснување на одделни видови угостителски објекти и нивните карактеристики;<br>- демонстрирање слики, филмови, проспекти, каталози на разни видови угостителски објекти за сместување;<br>- организирање посета на угостителски објекти за сместување. | - Хотелско работење (претходните содржини)<br>- Практична настава;<br>- Агенциско работење |
| **3. ХОТЕЛ** | **34** | - Да го објаснува хотелот како посебна целина за сместување;<br>- да ги разликува хотелските простории во сместувачкиот дел (влез, влезни простории, приемно одделение, општествени простории, санитарно-хигиенски простории, помошни простории, трговски простории и сл.);<br>- да ги објаснува функциите и условите за работа на хотелските простории;<br>- да ги објаснува функциите и работата во просториите на угостителскиот дел (ресторан, | - Објаснување за функцијата на хотелот како одделна целина за сместување;<br>- демонстрирање на слики, филмови на разни хотелски одделенија и простории;<br>- организирање посети на познати хотели;<br>- развивање хигиенски работни навики. | - Хотелско работење (претходните содржини)<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | кафеана, барови, кујна и сл.);<br>- да ги објаснува функциите на економскио-технички дел (перална, гаража, магацини, работилници, технички служби);<br>- да препознава разни уреди, машини, апарати, средства за комуникација, сигурносни уреди и сл.);<br>- да ги опишува работните задачите на персоналот во хотелот (раководни и извршни лица) и делокругот на нивната работа;<br>- да ја разбира меѓусебната поврзаност на основните функции во хотелот (управување, раководење, извршување и контрола). | | |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

Согласно целите на наставната програма по ***хотелско работење*** наставникот применува основни наставни методи кои на ученикот му даваат можност да биде активен учесник во наставата преку неговите активности во училиштето и вон училиштето. Овие наставни методи подразбираат примена на наставните форми за работа: работа во групи, во парови, тандем или индивидуално.

Во текот на наставата наставникот ги презема следните активности: објаснува, демонстрира, опишува, споредува, анализира, дискутира, ги ангажира учениците со изработка на проекти на тема од ***хотелско работење***, организира вежби и посети на угостителски објекти, ја следи работата на ученикот, го мотивира ученикот, го води ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот, активноста на ученикот се состои во слушање, дискутирање, прибележување, набљудување, споредување, демонстрирање, изработка на проектни задачи, изработување домашни задачи, илустрирање и друго.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Воспитно - образовната работа по наставниот предмет ***хотелско работење*** се реализира преку стручно-теоретска настава во кабинет-училница соодветно опремена. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите. Бројот на часовите кој е даден за одделните наставни целини во точка 4.1. од овој документ, опфаќа часови за обработка на нови наставни содржини, вежби, повторување, утврдување, правење проекти на дадена тема, гледање на видеофилмови и ЦД-роми, организирање работилници со содржини од хотелско работење. При организацијата и реализацијата на наставата по овој предмет треба да се остварат одредени посети во соодветните угостителски објекти, како и конкретни демонстрации и вежби во кабинетите по хотелско работење. Притоа, потребно е реализирање на наставата во блок-часови за вежби на ученици во групи, парови и индивидуално. Непосредната поврзаност на содржините помеѓу наставните програми по ***хотелско работење со практична настава, агенциско работење и економија на туризмот*** неминовно ја наметнува потребата од тимска работа меѓу наставниците кои ги реализираат овие програми.

### 4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите се користи: графоскоп, компјутери, Интернет, телевизор, видеоленти, слики, цртежи, проспекти, туристички пропаганден материјал, стручни списанија и други наставни средства и помагала предвидени според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за образовниот прифил хотелско-туристички техничар.

За поуспешно совладување на целите на предметот ученикот користи соодветна литература, и тоа: учебници и учебни помагала, наставни материјали подготвени од страна на наставникот, Интернет, стручни списанија и слично.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на знаењата, вештините и умеењата.

Континуирано во текот на целата учебна година, усно, писмено преку тестови на знаења или други форми, кои се користат по обработката на секоја наставна единица. Секој ученик во текот на едно полугодие добива најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма по предметот, се постапува според законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет ***хотелско работење*** треба да ги поседува следните индивидуални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да го применува литературниот јазик и писмо на кој се изведува наставата, да е отворен и комуникативен, подготвен за соработка, да има соодветно професионално

образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии по:

- угостителство и туризам;

со здобиена педагошка, психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

### 6.3. Стандард за простор

Наставата по наставниот предмет ***хотелско работење*** се реализира во кабинет-училница, опремена според Нормативот за простор и опрема за образовниот профил хотелско-туристички техничар.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај 2001 година

**7.2. Состав на работната група:**

1. м-р Киро Петров, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
2. м-р Фидан Трпчевски, професор на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид
3. Елена Митревска, наставник, ДУТУ “Ванчо Питошевски”- Охрид
4. Спиро Спасески, наставник, ДСУТУ “Лазат Танев”- Скопје

**7.3. Датум на ревидирање**: мај 2006 година

**7.4. Состав на работната група за ревидирање на програмата:**

1. Чедомир Димовски, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
2. Ристо Мегленов, наставник, ДСУТУ”Лазар Танев” - Скопје
3. Бојанчо Ристовски, менаџер, ПЦ Хотел “Бристол” (АД Македонија турист) - Скопје
4. Претставници на универзитетите и училиштата

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**Датум на започнување:** 1.09.2006 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***хотелско работење***, ја одобри министерот за образование и наука со решение број 07 - 3851/20 од 29.06.2006 година.